Број: 02 - 18128/1
27.10.2009 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од LX -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

одржана на 04.09.2009 во 11.00 часот
во просториите на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, преставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Г.Трајче Леов, преставник на Стопанската комора на Македонија - член*

Присутни од ФЗОМ:

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација (делумно присутна;*
- *Гоце Вељановски, раководител на Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Скопје (делумно присутен);*

- *Др. Тица Милошевска - кординатор на Лекарските комисии при Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Скопје (делумно присутна);*
- *Емилија Здравева, шеф на оддел за права и обврски од здравствено осигурување (делумно присутна);*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, шеф на оддел за договори за примарна здравствена заштита, во својство на записничар*

Седницата ја отвори претседателот на Управниод одбор Беким Сали. Утврди дека на денешната седница се присутни пет членови на Управниод одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го предложи следниот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записник од LVII -та седница на Управниот одбор одржана на 05.08.2009 година, записник од LVIII - та седница на Управниот одбор одржана на 19.08.2009 година и LIX - та седница на Управниот одбор одржана на 27.08.2009 година

1.Барање за итно зголемување на годишниот буџет од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје;

Претседателот на Управниот одбор Беким Сали предложи да се усвои записникот од LVII - та седница на Управниот одбор одржаана на 05.08.2009 година. Во врска со записниците од LVIII - та седница на Управниот одбор и од LIX - та седница на Управниот одбор со оглед на тоа дека биле поделени непосредно пред почетокот на оваа седница, предложи усвојувањето да остане за следната седница. Исто така предложи како точка на дневен ред да биде ставено Барњето за обезбедување на дополнителни финансиски средства за цитостатика од ЈЗУ Клиничка болница „Др.Трифун Пановски„ Битола. Потоа праша дали има и други предлзи за дневниот ред на седниците.

Се предложи како точка на дневен ред да биде разгледан случајот за осигуреникот Илиќ Марија од Скопје со цел членовите на Управниот одбор да се запознаат со случајот и да дадат свои став и милсење.

Д-р.Горан Коевски, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член, исто така предложи како точка на дневен ред да биде прокоментирана изјавата на Министерот за здравство Др.Бујар Османи во јавноста дека Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија нема да ја прави позитивната листа на лекови, со оглед на тоа дека Управниот одбор нема надлежност да ја подготвува позитивната листа тука само ја усвојува. Исто така информира за изјавата на Министерот за здравство дека ќе се формира посебна комисија од професори и специјалисти од Клиниките кои ќе одлучуваат за позитивната листа ма лекови. Напомена дека Управниот одбор не одлучува за позитивната листа на лекови туку само ја усвојува и за тоа треба јавноста да биде информирана.
Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ исто така потврди дека Управниот одбор не е надлежен да одлучува за позитивната листа на лекови која паѓа на терет на Фондот туку само ја усвојува.

Управниот одгор ги пригати предлозите за дополнување на дневниот ред на седницата, односно предлогот за усвојување само на записникот од LVII -та седница на Управниот одбор одржана на 05.08.2009 година, Барањето за обезбедување на дополнителни финансиски средства за цитостатика од ЈЗУ Клиничка болница „Др.Трифун Пановски„ Битола, разгледување на случајот за осигуреникот Илиќ Марија од Скопје и изјавата на Министерот за здравство за позитината листа на лекови која ќе биде ставена под точка „разно,, по што едногласно го усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

- *Усвојување на записник од LVII - та седница на Управниот одбор одржана на 05.08.2009 година;*

1. *Барање за итно зголемување на годишниот буџет од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје;*

2. *Барање за обезбедување на дополнителни финансиски средства за цитостатика од ЈЗУ Клиничка болница „Др.Трифун Пановски„ Битола;*

3. *Разгледување на предметот за осигуреникот Илиќ Марија од Скопје;*

4. *Разно*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред

- Усвојување на записник од LVII - та седница на Управниот одбор одржана на 05.08.2009 година;

Управниот одбор едногласно без никаква забелешка го усвои записникот од LVII - та седница одржана на 05.08.2009 година.

ТОЧКА 1 - Барање за итно зголемување на годишниот буџет од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје

Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ, укажа на тоа дека имајќи го во предвид зголемениот вид и обем на здравствени услуги на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ надоместокот за 2009 година во висина од 400.000.000,00 денари е недоволен за покривање на здравствените услуги на осигурените лица на Фондот до крајот на тековната година и поради тоа е потребно негово зголемување за 150.000.000,00 денари и да изнесува 550.000.000,00 денари. Напомена дека за жал има само еден понудувач кој единствено во Р.Македонија ги пружа тие 3 здравствени услуги предвидени во Договорот со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје. Истакна дека не е стручен да каже зашто Клиника за кардиологија во Скопје не ги пружа тие здравствени услуги и напомена дека реалната слика е таква што Специјалната болница „Филип Втори„ Скопје е во позиција да бара средства и доколку Фондот не и ги обезбеди истото ќе се пласира негативно во јавноста.

Напомена дека во Фондот се врши поедниечна контрола на сите фактури за извршени здравствени услуги што пристигнуваат од Специјалната болница „Филип Втори„ Скопје и дека секогаш се плаќа по буџетот. Истакна дека врз основа на склучениот Договор помеѓу Фондот и Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје со кој се регулираат меѓусебните права и обврски, во периодот јануари - јули 2009 година вкупно фактурираниот износ за извршени здравствени услуги изнесува 372.000.000,00 денари. Напомена дека со оглед на тоа дека странува збор за Жан Митрев кој е врвен хирург и кога истиот ќе каже дека нешто е итно Фондот за да го заштите интересите на своите осигурените лица односно да го спречи создавањето на големо незадоволство кај пациентите со фатални последици заради откажување на пациентите мора да постапи по неговото барање и да изнајде дополнителни средства од Буџетот на Фондот со цел надминување на застојот за овој еднинствен вид на здравствени услуги во земјата. Истакна дека зголемувањето ќе се овозможи просечно месечно да бидат фактурирани 39.000.000,00 денари односно 120 операции месечно за да се надминат несаканите последици.

Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член; истакна дека се согласува со Директорот Јанез Јелникар дека станува збор за еден понудувач на здравствени услуги кои единствено се вршат во Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје. Потсети дека има енормно зголемување на буџетот за 2009 година за разлика од предходната година предвиден за Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје и напомена дека со Одлука на Управниот одбор на Фондот за 2009 година утврден е вкупен надоместок во висина од 400.000.000,00 денари. Праша дали предвиденото зголемување од 550.000.000,00 денари би се извршило во рамките на буџетот за 2009 година односно дали за истото ќе се изноѓаат дополнителни средства односно дали треба да се прават пренамени.

Директорот Јанез Јелникар одговри дека и покрај новиот ребаланс на буџетот за 2009 година Фондот ќе треба да изнајде дополнителни средства од Буџетот на Фондот кои бил предвиден за определени инвестиции кои Фондот планирал да ги направи. Исто така повторно напомена дека треба да се зајакне контролата од страна на Фондот бидејќи кога стигнува фактурата е веќе касно за што треба да се има во предвид при склучување на новиот договор.

М-р.Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ; укажа дека исплатата на средствата ќе се врши по доставени фактури за извршени услуги во Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје при што пристигната декемвриска фактура за извршени услуги ќе стаса за наплата во јануари наредната година. Напомена дека барањето на Специјалната болница „Филип Втори„ Скопје за зголемување на висината на вкупниот надоместок се должи и на тоа што истата предходно барала насоки од Фондот како да постапува со оглед на тоа дека за многу кратко време одобрениот надоместок нема да им биде доволен за покривање на здравствените услуги но истиот на тоа не реагирал. Поради тоа напомена дека е потребно Фондот во иднина да соработува со болниците да им даде определени насоки со цел не се повтори сегашната ситуација.

М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член; укажа на тоа дека ако пристигната декемвриска фактура за извршени услуги ќе стаса за наплата во јануари наредната година тогаш висината на вкупниот надоместок за 2009 година на Специјалната болница „Филип Втори„ Скопје би се зголемил за 100.000.000,00 денари а не за 150.000.000,00 денари.

М-р.Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, потврди дека пристигната декемвриска фактура за извршени услуги во Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје ќе стаса за наплата во јануари наредната година како трошок во сметководство за 2010 година, но од аспект на болницата мора да се бидат определени тие 150.000.000,00 денари. При што појасни дека од Буџетот на Фондот во 2009 година зголемувањето би изнесувало 100.000.000,00 денари, со тоа што остатокот би се префрил како финансиски трошок во 2010 година, а за Специјалната болница „Филип Втори„ Скопје висината на вкупниот надоместок за 2009 година ќе изнесува 150.000.000,00 денари.

Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство- претседател; укажа на тоа дека на овој начин би се оптоварил буџетот за 2010 година.

Директорот Јанез Јелникар се согласи со ставот на претседателот Др.Беким Сали дека ќе дојде до оптеретување на буџетот за 2010 година.

М-р Борис Јосифовски, приговори за оптеретувањето на буџетот за 2010 година како и за начинот што фактурите од предходната година се префрлуваат за исплата во јануари.

М-р.Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, укажа дека тоа пренесувањето на декемвриската факура во јануари наредната година е нормална пракса при определен договорен начин на плаќање на здравствените услуги каде е договорено фаткурирањето да се врши еднаш месечно заклучно со извршените услуги на последниот ден од месецот, со спецификација за извршените услуги по пациент, најдоцна на 5 - от работен ден од наредниот месец. При што плаќањето за извршените и фактурирани услуги Фондот ќе ги врши во рок од 15 дена по добивањето на фактурата од Специјалната болница по кардиохирургија„Филип Втори„ Скопје.

Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член; се согласува со дискусиите и констатациите на присутните, но укажа на тоа дека оваа седница не е прва седница за која се расправа за зголемување на надоместокот на Специјалната болница по картиохирургија „Филип Втори„ Скопје односно треба да имаме обзир и кон предходно донесените одлуки на Управен одбор. Напомена дека со позитивната листа на лекови Управниот одбор во јавноста беше стравен на тапет, која Одлдука се донесе бидејќи Фондот немаше средства а сега ќе произлезе дека има средства да го зголеми надоместокот за Специјалната болница „Филип Втори„ Скопје. Исто така укажа на тоа дека Управниот одбор има донесено што треба да направат стручните служби во врска со работењето на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје како и на укажувањата на Министерството за здравство дека болницата не ги почитува законските одредби како што се спроведувањето на медицинската

евиденција и документација. Истакна дека имајќи го тоа во предвид не треба така лесно да се прифати барањето за зголемување на годишниот буџет од страна на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје и покрај тоа што истата има монополска состојба. Напомена дека треба пред да се донесе било каква одлука пореално да се гледаат работите.

Директорот Јанез Јелникар, укажа на тоа дека што се однесува за позитивната листа на лекови се знаеше каква е ситуацијата и објасни дека за лекови во рамките на Буџетот има посебна стапка за зголемување на лековите и во таа рамка не најдовме простор. Истакна дека што се однесува за Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје е во рамките на здравствените услуги. При тоа укажа дека мора да се зајакне контролата како и стручниот надзор во начинот на работењето на болниците како и воведувањето на ДСГ системот како кај ЈЗУ.

Др.Страшо Наумоски, итакна дека за стручниот надзор Фондот може да побара помош од Министерството за здравство така е по закон. Укажа дека ако станува збор за контрола на реалното финансиско работење на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје Фондот има начин како тоа да го контролира, а доколку истото не може да го направи тогаш има проблем со контролата во болниците. Исто така напомена дека Фондот има зајакнати контролирачките механизми спрема работењето на ЈЗУ кои мора да се придржуваат кон одредбите во договорот и истакна дека Фондот треба и на нив да излезе во пресрет не само на Специјалната болница по кардиохирургија„Филип Втори„ Скопје.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, објасни дека Фондот детално ја проверува секоја доставена фактура за извршени здравствени услуги од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје и врши финансиска и стручна контрола, за разлика од отранатите Јавни здравствени установи. Исто така наведе дека со оглед на тоа дека фактурите кои ги доставува Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје се однесуваат само за 3 операции за Фонодт е поедноставно нивното контролирање.

Претседателот Д-р Беким Сали, даде појаснување дека во случајот ние не и правиме услуга на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје туку помагаме на осигурените лица и поради тоа неможеме да донесеме негативна одлука бидејќи би дошло до одложување на операциите кои би имале фатални последици за пациентите.

Д-р Љубиша Каранфиловски, истакна дека треба да се види во делот на буџетското работење колку може Фондот да плати. Укажа на фактот дека Фондот ќе се соочи и со проблемот на Јавните здравствени установи кои генерираат загуби во своето работење и имаат негатива во расходната страна во однос на приходната страна. Укажа и на тоа дека многу повеќе се трошат отколку што имаат приход. Прашува дали Фондот има средства да ги задоволи услугите на Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје како единствен понудувач.

Директорот Јанез Јелникар се сложи со дискусијата на Др.Љубиша Каранфиловски и укажа дека секогаш треба реално да се гледа на работите.

Укажа на тоа дека Фондот секогаш наоѓа начин и средства за реализација при тоа напоменувајќи дека треба да се има предвид и за средставта кои треба да се зачуваат за БПО услуги во случај да се појави и друга здравствена установа од оваа област па треба и со неа да склучиме договор. Истакна дека стручните служби на Фондот ќе подготват анализа за успешноста на здравствените установи во давањето на БПО услугите која ќе биде ставена како точка на дневен ред на некои од наредните седници на Управен одбор. Напомена дека знае за проблемот со болниците за нивните долгови како и дека треба да се следнат тие реални финансиски проблеми и да се изнајде начин да не дојде до кратење на здравствените услуги. Потенцираше дека треба и да се зајакнат контролите на Фондот во болниците.

Д-р Љубиша Каранфиловски, потсети дека на една од предходните седници беше дискутирано за предлогот за проширување на пациенти за in vito фертилизација по заклучок на Владата на Република Македонија, за што треба да се достави анализа од стручните служби на Фондот.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, информираше дека подетално ќе биде подговена анализата од стручните служби на Фондот и ќе биде доставена на разгледување на наредниата седница на Управниот одбор.

Директорот Јанез Јелникар, предложи да се применува ДСГ методот спрема Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје и оцени дека е особено важно да се обрне внимание при склучувањето на нов договор со Специјалната болница за кардиохирургија „ Фили Втори„ Скопје и за истата да се практикува истиот систем за буџетирање како се однесува за останатите ЈЗУ, како и воведувањето на ДСГ методата.

Д-р.Горан Коевски, го подржа предлогот на Директорот Јанез Јелникар и оцени дека треба што побргу да почнат преговорите со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје.

Претседателот Беким Сали со оглед на тоа дека дискусијата е исцрпена предложи да се пристапи кон гласање за првата точка на дневниот ред и со 4 гласови за и еден глас против од страна на Др.Страшо Наумовски, Управниот одбор ја донесе следната

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за здравствени услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„Скопје на осигурени лица на Фондот за 2009 година

ТОЧКА 2 - Барање за обезбедување на дополнителни финансиски средства за цитостатика од ЈЗУ Клиничка болница „Др.Трифун Пановски„ Битола

Претседателот Беким Сали, образложи дека ЈЗУ Клиничка болница „Др.Трифун Пановски„ Битола писмено се обрати до Управниот одбор на Фондот со

барање за обезбедување на дополнителни средства за цитостатика односно зголемување на буџетски плафон. Објасни дека за тековната 2009 година утврдени се финансисики средства во износ од 499.634.406,00 денари со кои се планирало да се финансира специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита во установата, иако проекцијата на планот за трошоци и приходи за обезбедување здравствени услуги од установата за тековната 2009 година беше планиран на 664.722.000,00 денари. Истакна дека со оглед на тоа дека планираните средства за лекови се намалија болницата била принудена да на годишно ниво буџетот за цитостатика се сведе на 30.000.000,00 денари односно 2.500.000,00 денари на месечно ниво.

Д-р Љубиша Каранфиловски, исто така образложи дека ЈЗУ Клиничка болница Битола имаат проблеми со зголемена потрошувачка на цитостатика. Истакна дека се работи за многу скапи лекови кои се резултат на нова дијагностичка процедура на лечење на пациентите со одредување на Херцептин кој се значајно скапи и ефикасни цитостатици. Укажа на тоа дека болницата не може да ги покрие тие средства во рамките на сегашниот буџет. Побара да се изнајде некој начин за да им се помогне што ќе биде од особена важност за пациентите. Исто така повтори дека болниците се соочуваат со големи трошоци и долгови. Смета дека тое е можеби резултат на префрлување на автономијата во рацете на болницаите за спроведување на јавните набавки.

Директорот Јанез Јелникар истакна дека е запознаен со проблемот на ЈЗУ Клиничка болница Битола и дека досега остварил средби и со директорите и другите овластени преставници каде било разговарано за надминување на проблемите и укажа на тоа дека Фондот ќе направи една стручна анализа па потоа ќе излезе со конечен став.. Напомена дека секогаш треба да се оди во согласност со системот и да се настојуваме да се држиме во таа рамка.

Др.Љубиша Каранфиловски, укзжа на тоа дека пациентите го очекиваат лекувањето од што им зависи животот поради недостаток на средства од страна на болницата за набавка на потребните цитостатоци. Потенцираше дека мора да се најде решение во интерес на пациентите.

Лазар Трајчев, објасни дека Фондот плаќа само за лекови кои се на позитивната листа и укажа дека треба да се провери дали лекот Херцептин е на таа листа.

Директорот Јанез Јелникар, смета дека тоа е политичка одлука . Укажа на тоа дека бил меѓу првите кои ја почнал иницијативата за скапи лекови во разговори со различни фирми. Истакна дека не сака да навлегува во тоа како Клиничка болница Битола го распоредува својот буџет ниту во спроведувањето на нивните набавки. Напоменува дека секогаш реално го гледа проблемот, остави да се почека изготвувањето на стручната анализа и дека заедно со М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ ќе дојдат до заедничко решение за проблемот. Истакна дека Управниот одбор може да има позитивен став околку барањето на Клиничка болница Битола но сепак тој смета дека се треба да се реши во рамките на ДСГ системот и дека не е за парцијано решение.

Претседателот Беким Сали, праша дали постои можност Клиничка болница Битола да добие сердства за цитостатиците од Клиника за онкологија и

радиотерапија во Скопје и дали истиот има доволно средства и за пациенти кои доаѓаат од други градови од Македонија.

Директорот Јанез Јелникар, истака дека во надлежност на Министерство за здравство е дали ќе решат пациенте од другите градови да доаѓаат во Скопје кои треба да одлучи дали во секоја болница ќе има онколошко одделение. Смета дека не треба да се оди само во еден центар но тоа не е негово да каже, бидејќи во надлежност на Фондот е да го определува само буџетот на болниците.

Љубиша Каранфиловски, истакна дека не постои дилема дека сме за подржување на системот, но напомена дека има големи притисоци од пациентите и поради невозможноста да им се обезбедат лекови. Укажа дека само го пренесува нивното мислење и дека навистина имаат потреба од набавка на тие лекови и предложи Управниот одбор да почека да се види кварталната корекција на буџетот.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, предложи да се покика Кристина Христова, раководител на одделението за фармација да даде објаснување за тоа дали лекот Херцептин е на позитивната листа на Фондот.

Директорот Јанез Јелникар, истакна дека тоа ништо не значи за тоа дали Фондот да функционира по сиситем или по било каква процедура.

Љубиша Каранфиловски, посочи дека политиката ја креира Владата и Фондот а не Управниот одбор и ако Фондот смета барањето дека е неосновано да не се пренесе вината на Управниот одбор на Фондот. Укажа дека Управниот одбор е секогаш за функционирање на системот и дека податоците ги има Фондот и дека Управниот одбор дискутира само за она што ќе им биде доставено како точка на дневен ред.

Д-р.Горан Коевски, објасни дека спорно е тоа што проблемот со Клиничката болница Битола е реален проблем и дека избраните директори не креираат политика.

Претседателот Беким Сали даде предлог да се донесе одлука со која ќе се извести болницата дека треба да поднесат барање кое ќе биде во рамките на законот.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, предложи во меѓувреме да се направи и анализата од стручните служби на Фондот.

Лазар Трајчев, предложи дека е подобро да се направи контрола од страна на Фондот во Клининичка болница Битола, со цел подобро да се утврди состојбата и да не се донесува одлука само врз основа на поднесено барање.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, напомена дека при контролата има процедура која трае минимум 2 недели.

Др.Страшо Наумоски, посочи дека ќе искочат пациентите во јавноста како и пациентите од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори„ Скопје.

Директорот Јанез Јелникар, објасни дека не странува збор за иста ситуација.

Др.Страшо Наумоски, напомена дека за јаноста е иста.

Кристина Христова, раководител на одделението за фармација, даде информација дека лекот Херцептин е на позитиваната листа на лекови.

Претседателот Беким Сали, праша дали има било каква алтернатива за негова замена за некој поефтин лек.

Кристина Христова, одговори дека Фондот нема ингеренции да навегува во терапијата која ќе ја препише лекарот на пациентот ниту да ја менува со некоја друга алтернативна терапија.

Претседателот Беким Сали праша дали во овој период пациентите треба да одат во Скопје на лекување.

М-р Борис Јосифовски, укажа на тоа дека и Клиниката за онкологија и радиотерапија во Скопје има свој предвиден буџет.

Директорот Јанез Јелникар, повторно укажа дека Министерството за здравство треба да одлучи по тоа прашање, Фондот има надлежност само да го опредлеува буџетот на болниците.

По завршувањето на дискусијата по втората точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе

Заклучок:

ЈЗУ Клиничка болница „Др.Трифун Пановски„ Битола повторно да поднесат барање кое ќе биде во рамките на законот и од страна на стручните служби надлежни за контрола во здравствените установи од страна на Фондот да извршат контрола во просториите на Клиничката бопница во Битола.

***ТОЧКА 3-** Разгледување на предметот за осигуреникот Илиќ Марија од Скопје;*

Лазар Трајчев, пред Управниот одбор го презентираше случајот за осигуреникот Илиќ Марија од Скопје која заминала на одмор во Анталија, Турција каде претрпела мозочен удар и е сместена во болницата „Анадолу Хоспитал„во Анталија, Турција за што второстепената лекарска комисија при Фондот за здравствено осигурување констатирала дека се работи за итен случај. При тоа наведе дека случајот подетално ќе биде презентиран од овластените лица кои работеа на случајот.

Емилија Здравева, шеф на оддел за права и обврски од здравствено осигурување даде воведно образложение на целиот случај. Истакна дека иницијативата беше покрената со допис од Амбасадата на Република Македонија во Република Турција преку Министерството за надворешни работи до Фондот за здравствено осигурување со образложение дека се работи за пациент Илиќ Марија од Скопје која од 14.07.2009 година по претрпен мозочен удар е на лекување во Анталија, Турција и со оглед на тоа дека пациентот нема роднини

во Република Македонија, побараа Фондот да покрене иницијатива за нејзиното враќање и понатамошно лекување во Република Македонија. Укажа на тоа дека за овој случај неможе да се применува Договорот за социјално осигурување склучен помеѓу Република Македонија и Република Турција бидејќи болницата „Анадолу Хоспитал„ во Анталија, Турција каде пациентката е сместена е приватна болница. Даде кратко објаснување како редовно тече процедурата при вакви ситуации дека согласно Законот за здравствено осигурување и Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство осигурените лица кои престојуваат во странство можат да користат само итна медицинска помош и дека итноста на случајот ја цени Лекарската комисија на Фонодт врз основа на медицинска документација на странската здравствена установа. Истакна дека осигуреното лице кое користи здравствена заштита во итен случај должно е по завршување на итноста да се врати и да го продолжи лекувањето во земјата. Укажа дека осигуреникот по враќањето има право да бара рефундација на средства во Подрачната служба на Фондот каде е пријавен во задолжително здравствено осигурување, при што Фондот врши рефундација на 80% од вкупната сума намалена за 20% на име учество на осигуреното лице од вкупните трошоци.

Др. Тица Милошевска - кординатор на Лекарските комисии при Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Скопје, медицински го образложи случајот за пациентот Илиќ Марија од Скопје која заминала на одмор во Анталија, Турција и дека се работи за возрасна 79 годишна жена која претрпела мозочен удар и се наоѓа на комбинирано болничко лекување кое се состои во поголем дел од интезивна нега и дел во регуларно болничко лекување во клиниката „Анадолу Хоспитал„ во Анталија, Турција. Укажа дека Второстепената комисија при Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Скопје врз основа на наод и мислење констатирала итност на случајот и напомена дека со оглед на спецификата на случајот ја немале страндардната медицинската документација односно немале историја на болест за пациентот како и препорака од нејзиниот лекар дали смее да патува во странство со оглед на нејзината возраст како ни податоци за нејзината општа здравствена состојба.

Гоце Вељановски, раководител на Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба - Скопје, истакна дека Второстепената комисија излегла во пресрет и дала свои наод и мислење дека се работи за итен случај. Укажа и на тоа дека не се работи за стандардна процедура но дека Фондот сака да излезе во пресрет и движејќи се во законските рамки да уплати 80% од вкупната сума за извршено болничко лекување во странство на пациентката дирекно на клиниката во Турција.

Др.Страшо Наумоски, праша за процедурата околку 20% кој треба да ги уплати осигуреникот.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, одјасни дека Фондот согласно законските прописи ќе исплати 80% од вкупната сума за извршеното болничко лекување во странство по основ на итност за осигуреникот Илиќ Марија од Скопје дирекно на клиниката во Турција без партиципацијата од 20% која треба да ја плати пациентот и со тоа престанува обврската на Фондот иако по правило Фонодот треба да му изврши рефундација на пациентот, но во случајот тоа не е можно.

Претседателот Беким Сали, праша дали за осигурувањето на пациентката како и обврската на осигуриотелната компанија преку која пациентката била осигурана за користење на здравствени услуги при патување во странство.

Др.Страшо Наумоски, исто така напомена дека при патување во странство по правило се склучува договор за здравствено осигурување со некоја осигурителна компанија која има обврска да ги покрие трошоците.

Љубиша Каранфиловски, укажа на тоа дека треба да се разгледа дали Фондот може да ги бара средставта од осигурнителната компанија.

Гоце Вељановски, го подржа ставот на Љубиша Каранфиловски околку можноста Фондот да побара враќање на средствата од осигурителната компанија.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, истакна дека ќе се разгледа можноста Фондот да ги побара средствата од осигурнителната компанија и укажа дека Министерството за здравство треба да ја преземе контролната улога околку транспортот на пациентот и за тоа во која клиника во земјава истата ќе го продолжи лекувањето.

Директорот Јанез Јелникар, истакна дека не сме стручњаци за здравствената состојба на пациентката и дека за нејзиниот транспорт до Република Македонија треба да се види со Министерството за здравство.

Др. Тица Милошевска, укажа и на фактот дека пациентката со оглед на староста можеби и не било препорачливо да замине на годишен одмор во далечна земја која има високи температури.

Др.Страшо Наумоски, истакна дека матичниот лекар по правило треба да го прегледа пациентот и да даде одобрение дека истиот може да патува во странство, со оглед на тоа ако се работи за ризичен пациент.

М-р. Маја Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, проведи дека некои осигурнителни компании не даваат полиса за здравствено осигурување за лица кои се на 78 годишна возраст.

По завршувањето на дискусијата по третата точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно ја донесе следната

Одлука
за одобрување на средства во висина од 80% од вкупната сума за извршено болничко лекување во странство по основ на итност за осигуреникот Илиќ Марија од Скопје и нивна уплата од средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија дирекно на сметка на клиниката „Анадолу Хоспитал„ во Анталија, Турција

ТОЧКА 4 - Разно

Под точката разно беше изјавата во јавноста на Министерот за здравство за позитивната листа на лекови.

Лазар Трајчев предложи дека со оглед на тоа дека предлагачот Др.Горан Коевски од оправдани причини ја напушти седницата на Управен одбор пред започнувањето на оваа точка на дневниот ред, за истата да се разговара на наредната седница на Управен одбор.

Претседателот Беким Сали, укажа на тоа дека надлежноста на Управниот одбор во врска со позитивната листа на лекови преминува на Комисија составена од професори и специјалисти од клиниките и дека нема потреба да се дискутира за ова на наредната седница.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор заврши со работа во 13,00 часот.

Записничар,
Даниела Јовческа - Ѓуровска

Управен одбор
Претседател,
Беким Сали